# АПСОЛУТНО СЕКОЈ

## Државен план за попреченост 2017–2020 Резиме



## Нашата визија е една Викторија што ги вклучува и помага луѓето со попреченост да имаат секојдневен живот што ги прави задоволни

„Апсолутно секој“ е државен план за попреченост за 2017-2020 година на Викториската влада. Тоа е наш трет државен план за попреченост, наменет за повеќе од еден милион лица со попреченост кои живеат во Викторија, како и за заедницата како целина.

Со овој план Владата презема водечка улога во промовирањето на вклученоста на Викторијците со попреченост.

Планот е можност да се смени начинот на кој размислуваме за попреченоста додека Владата спроведува големи активности, соработувајќи во партнерство со бизниси и заедници за да се смени однесувањето и постигнат резултати.

Планот се фаќа во костец со бариерите и исклученоста со кои луѓето со попреченост секојдневно се соочуваат. Промените што сакаме да ги видиме ќе бараат постојани напори во текот на важењето на планот.

Ние во Викторија имаме голема можност во следните четири години додека преминуваме на Националната осигурителна програма за попреченост (National Disability Insurance Scheme - NDIS). Заради максимално зголемување на користа што ќе ги донесе NDIS, мора да направиме повеќе како држава – во јавниот и во приватниот сектор, на нашите работни места, училишта и во заедницата – за да обезбедиме дека луѓето со попреченост може да учествуваат во секојдневниот живот.

Сакаме Викторија да биде национален предводник во остварувањето на општествените, економските и граѓанските стремежи на луѓето со попреченост.

**За да го прочитате целиот план одете на www.statedisabilityplan.vic.gov.au**

## Четири столба

Во планот се наведени 10 клучни приоритети и 27 други првични акции во рамките на четири столба.

### Заедници што вклучуваат: „Се чувствувам вклучен“

Искуството на вклученост има централно место во општествената интеракција, споделувањето на информации и секојдневните искуства. За тоа искуство да биде можно нѝ треба постоење на достапна јавна и општествена инфраструктура, вклучувајќи објекти, јавен превоз и комуникации.

### Здравство, домување и добросостојба: „Јас добро живеам“

Стабилен дом и добро здравје и добросостојба се основата на живот со кој луѓето се чувствуваат задоволни. Знаеме дека е потребно значително подобрување на достапноста на соодветно домување по пристапни цени. Укажувањето на квалитетна поддршка за попреченост со која лицето е во центарот на вниманието, здравствената нега и други комунални услуги се исто така важни.

### Праведност и сигурност: „Односот кон мене е праведен“

Сакаме да создадеме можности за сите Викторијци. Нашата одговорност за мерки во врска со заштитата на правата и спречувањето на насилство, малтретирање, запоставување и експлоатација претставуваат дел од овој столб.

### Корисен живот: „Јас придонесувам“

Сакаме да обезбедиме луѓето со попреченост да можат да учествуваат без тешкотии во образованието, обуката, учеството во заедницата и одлучувањето. Овој столб исто така вклучува достапност на вработувањето и на сите аспекти на економијата.

VICTORIA State Government | Health and Human Services

# Преглед на Државниот план за попреченост 2017–2020

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Викторија што вклучува и им помага на луѓето со попреченост да водат секојдневен живот што ги прави задоволни** | | | |
| **Принципи** | **Автономија Можности Човечки права Разновидност Отчетност** | | | |
| | I | II | III | IIII |
| **Столбови** | **Заедници што вклучуваат** | **Здравство, домување и добросостојба** | **Праведност и сигурност** | **Животи што придонесуваат** |
| **Индивидуално искуство** | Се чувствувам вклучен | Добро живеам | Односот кон мене е праведен | Јас придонесувам |
| **Подрачја на акција** | Менување на однесувањето<br>Универзален дизајн<br>Јавен превоз<br>Училишта што вклучуваат<br>Градежни прописи<br>Комунална инфраструктура<br>Владини комуникации<br>Самоопределување на Абориџините<br>Разновидни заедници | Здравствени служби<br>Домување<br>Здравствено промовирање<br>Двојна попреченост<br>Загрозени деца и семејства<br>Пристап на паркови<br>Спорт и рекреација<br>Преминување на NDIS | Семејно насилство<br>Застапување на попреченост<br>Заштитни мерки<br>Достапност на VCAT<br>Викториска полиција<br>Поправни мерки<br>Кучиња за помош | Образование што вклучува<br>Вработување<br>Изразување на мислење и раководење<br>Учество во NDIS<br>Креативни индустрии<br>Туризам што вклучува |
| **Клучни пристапи** | **Економска можност Претставување Универзален дизајн Промена на однесувањето Права и заштита** | | | |

# Заедници што вклучуваат



| Клучни приоритети | Накусо: |
|---|---|
| 1. **Менување на однесувањето** | • ќе промовираме позитивно однесување и ќе се спротиставуваме на негативни стереотипи за луѓето со попреченост ширум заедницата, заради подобрување на вклученоста во заедницата |
| 2. **Универзален дизајн** | • ќе ја координираме политика на целата влада, со која се опфатени универзални принципи на дизајн, и веднаш ќе примениме пристапи на универзален дизајн во низа инфраструктурни програми и проекти |
| 3. **Јавен превоз** | • ќе ја подобриме достапноста на јавниот превоз и на транспортни услуги од точка до точка, вклучувајќи ги такси возилата во кои може да влезе инвалидска количка |
| 4. **Училишта што вклучуваат** | • ќе им излеземе во пресрет на потребите на учениците со попреченост преку ажурирани стандарди на дизајн, со 20 милиони долари за градежни подобрувања на училишта и ќе испорачаме 15 високоприоритетни нови државни училишта што вклучуваат |

| Акции | Накусо: |
|---|---|
| 1. **Градежни прописи** | • ќе се залагаме за заострување на Националниот градежен кодекс, ќе го подобриме дизајнот на новите станови и ќе го исполниме нашето изборно ветување за подобрување на прописите за живеалишта за постари лица и луѓе со попреченост |
| 2. **Комунална инфраструктура** | • ќе развиеме добар дизајн за заедниците обезбедувајќи: градските партнерства да разгледуваат прашања во врска со пристапот, петгодишните планови за работни места, услуги и инфраструктура кои го одразуваат инвестирањето за луѓе со попреченост, и процеси на планирање кои ги ангажираат луѓето со попреченост и вклучуваат универзални принципи на планирање |
| 3. **Владини комуникации** | • ќе подготвиме акционен план заради подобрувањето на достапноста на владините комуникации и информации |
| 4. **Абориџинско самоопределување** | • ќе поддржуваме самоопределени, засновани на местото абориџински мрежи за попреченост и ќе работиме со организации контролирани од абориџинската заедница и со NDIA заради поддршка на преминувањето на абориџинските заедници на NDIS |
| 5. **ЛГБТИ лица** | • ќе промовираме достапност, активно учество и вклученост на ЛГБТИ луѓето со попреченост преку Центарот на гордост (Pride Centre) и други можности, вклучувајќи го интернетот |
| 6. **Бегалци** | • ќе ги задоволуваме потребите на луѓето со попреченост со бегалско потекло, вклучувајќи ги азилантите, соработувајќи со партнери заради процена и подобро реагирање на системот за поддршка на луѓето со попреченост и бегалците во Северен Мелбурн |
| 7. **Ветерани** | • ќе соработуваме со финансирани тела, вклучувајќи ги организациите на бивши воени лица, локални општини и групи на заедницата, заради давање информации за можностите за пристап лица со попреченост и правилата за комеморативни настани и обновување на военото историско наследство |
| 8. **NDIS и разновидност** | • ќе примениме стратегии за поддршка на регионални, селски и оддалечени заедници, абориџински заедници и јазички различни заедници кои наидуваат на пречки во текот на преминот на NDIS |

# Здравство, домување и добросостојба



| Клучни приоритети | Накусо: |
| --- | --- |
| 5. Здравствени услуги | • ќе внесеме нов живот во акционите планови на сите јавни и комунални здравствени служби, ќе се зафатиме со здравствени прашања за квалитетот и безбедноста на здравствената нега на луѓето со попреченост, и ќе обезбедиме повеќе преведувачи за австралискиот знаковен јазик (Auslan) во здравствените служби |
| 6. Домување | • ќе ги зголемиме можноста за добивање и финансиската достапност на домувањето за лица со попреченост, користејќи приватно изнајмување и зголемувајќи ја расположливоста и снабдувањето со општествено домување соодветно за луѓе со попреченост |

| Акции | Накусо: |
| --- | --- |
| 9. Здравствено промовирање | • ќе ги зголемиме целните превентивни активности заради подобрување на здравствените резултати за различни групи, вклучувајќи го промовирањето на хигиена на устата, достапноста на тестирање за рак, и знаењата за репродукцијата и сексот |
| 10. Двојна попреченост | • ќе формираме четири нови иницијативи на лекување и поддршка за клиенти со сложени потреби, вклучувајќи еден нов клинички детски специјалист заради подобро лекување на децата до 12 години |
| 11. Загрозени деца и семејства | • ќе го подобриме реагирањето на службите во однос на потребите на загрозените деца и родители со формирање на нова служба за интензивна детска поддршка, приспособена на потребите на семејствата на кои им е потребна најголема помош во првите години на нивните деца |
| 12. Пристап на паркови | • ќе ја прошириме програмата Лето покрај море (Summer by the Sea), ќе ја зголемиме достапноста на шумите во државата и ќе обезбедиме објекти и програми за достапност на паркови, вклучувајќи ги можностите за доброволна работа и вработување |
| 13. Спорт и рекреација | • ќе обезбедиме финансирање преку програмата Пристап за сите способности (Access for All Abilities) ширум државата за спортски и рекреативни можности, и една служба за прв контакт AAA Play за можности во градското подрачје |
| 14. Преминување на NDIS | • ќе соработуваме со клучни фактори заради давање информации и поддршка на луѓето со попреченост, семејствата и негувателите и давателите на услуги додека преминуваат на NDIS, преку 10 милиони долари вредниот Пакет за поддршка на преминувањето |
| 15. NDIS и здравствени услуги | • ќе им помагаме на главните здравствени служби и служби за попреченост да им дадат поддршка на клиентите преку непречено координирано преминување додека стануваат учесници во NDIS |
| 16. Достапност на NDIS | • ќе соработуваме со NDIA за да помогнеме да се развијат ефикасни процеси на пристап и планирање за преминување на NDIS, кои вклучуваат надгледување на резултатите и искуствата на учесниците и на аранжманите за поддршка на работната сила |
| 17. NDIS и главни служби | • максимално ќе ја искористиме NDIS низ цврсти работни аранжмани и обезбедувајќи дека непречена и достапна поддршка е на располагање од сите релевантни викториски служби |
| 18. Работници со попреченост | • ќе намениме 26 милиони долари за иницијативи на обука и квалификации заради создавање работна сила од светска класа, составена од лица со попречености, низ „Одржувајќи го нашиот сектор силен: План за викториска работна сила за NDIS“ |

# Праведност и безбедност



| Клучни приоритети | Накусо: |
|---|---|
| **7. Семејно насилство** | • ќе покренеме низа иницијативи за справување со семејното насилство со кое се соочуваат луѓето со попреченост, вклучувајќи нови пристапи на обука, подобрување на кризно сместување, реорганизација на службите за засолнување при семејно насилство и засилување на полициското реагирање |
| **8. Застапување на попреченост** | • веднаш ќе обезбедиме 1,5 милиони долари на финансирани организации за застапување заради справување со побарувачката и преземање нови активности, и дополнително ќе го зајакнеме секторот низ долгорочна стратегија за развој на секторот |

| Акции | Накусо: |
|---|---|
| **19. Заштитни мерки** | • ќе заземеме пристап на нулта толеранција во однос на малтретирањето низ продолжување на примената и заострување на заштитни мерките, вклучувајќи стратегија за спречување на малтретирање, програма за однесување што треба да се пријави и соработка со NDIA за да се обезбеди дека луѓето кои доживуваат насилство добиваат помош |
| **20. Достапност на VCAT** | • ќе примениме четиригодишен акционен план за достапност на Викторискиот граѓански и административен трибунал (Victorian Civil and Administrative Tribunal) со акции за намалување на пречките во однос на достапноста на правдата на луѓето со различни потреби, вклучувајќи примена на една образовна програма |
| **21. Викториска полиција** | • ќе ја промовираме работата на Викториската полиција во прифаќањето на препораките на Викториската комисија за еднакви можности и човечки права за пријавување на криминал |
| **22. Поправни мерки** | • ќе ги задоволиме потребите на прекршителите со подобрување на програмите и услугите заради справување со побарувачката, идентификување на празнини меѓу служби, обука на персонал, подобрување на процеси, натамошно градење на партнерства спремни за соработка и со обезбедување пристап до NDIS |
| **23. Кучиња за помош** | • ќе ги разгледаме опциите за промени на Законот за домашни животни, вклучувајќи ги опциите за признавање и регулирање на кучињата обучени во одобрена организација |

# Корисни животи



| Клучни приоритети | Накусо: |
|---|---|
| 9. Образование што вклучува | • ќе направиме големи реформи за да ги трансформираме културата, принципите и праксата ширум нашите средини на рано детство, училишта, обука и TAFE |
| 10. Вработување | • ќе примениме стратегија за економско учество и вработување поврзана со пошироката бизнис заедница, која применува целно пристапување во однос на вработувањето во јавниот сектор и ја зголемува нашата куповна моќ |

| Акции | Накусо: |
|---|---|
| 24. Изразување на мислење и раководење | • ќе им дадеме поддршка на можностите на луѓето со попреченост да учествуваат во јавни дебати и да влијаат на промените во Владата и заедниците, зголемувајќи ја способноста на Викторискиот советодавен совет за попреченост (Victorian Disability Advisory Council) |
| 25. Учество во NDIS | • ќе се залагаме за претставување на луѓето со попреченост во известувањето за сегашното управување и идниот развој на политиката на NDIS, и за заземање партнерски пристап во однос на луѓето со попреченост во периодот на преминување на NDIS |
| 26. Креативни индустрии | • ќе ги зголемиме учеството, можностите за вработување и изборот на кариери на луѓето со попреченост во креативни индустрии низ проекти на демонстрирање на општественото влијание и низ дополнително финансирање на иницијативи за вработување |
| 27. Туризам што вклучува | • ќе соработуваме со партнери и ќе ја користиме алатката Достапен туризам (Accessible Tourism Toolkit) за Викторија да ја направиме пожелна дестинација за посетители со попреченост, низ пристап кој го развива и промовира туристичкиот бизнис за попреченост |

**“Како поединец со две различни попречености, би било извонредно ако би бил повеќе вклучен во секојдневниот живот. Јас имам физичка попреченост, па наоѓањето нови пријатели и однесувањето кон мене како кон нормален човек се реткост. Јас секогаш им се радувам на моментите кога некој не го гледа само она што е однадвор.**

Учесник во консултации



## Акција

Сите владини оддели беа вклучени во подготвувањето на планот. Јавна отчетност ќе обезбедиме преку планови на ниво на агенции и со годишен извештај. Исто така ќе известуваме за напредокот на остварувањето на нашата визија.

## Рамка на резултати

Подготвивме комплет на јасни резултати во врска со секој од четирите столба кои ги насочуваат активностите кон постигнување практични и одржливи резултати за Викторијците со попреченост. Индикатори и мерки за овие резултати ќе бидат подготвени во соработка со факторите.

## Повеќе информации

За да го прочитате целиот план одете на **www.statedisabilityplan.vic.gov.au**

Или, за да дознаете повеќе, стапете во контакт со Канцеларијата за попреченост (Office for Disability)

**Електронска пошта: ofd@dhhs.vic.gov.au**

**Телефон: 1300 880 043**



За да ја добиете оваа публикација во достапен формат, телефонирајте на 1300 880 043 по потреба користејќи ја Националната преносна служба (National Relay Service) 13 36 77, или пратете имејл на ofd@dhhs.vic.gov.au

Одобрила и објавила Викториската влада, 1 Treasury Place, Melbourne.

© State of Victoria, December 2016.

Во овој документ изразот „абориџински“ е користен во однос и на Абориџините и на луѓето од Островите во Теснецот Торес. Користењето на изразите ‘Koori’, ‘Koorie’ и ‘Indigenous’ е задржано во имињата на програми и иницијативи и, освен ако не е поинаку наведено, се однесуваат и на луѓето од абориџинско потекло и на луѓето од Островите во Теснецот Торес.

ISBN 978-0-7311-7124-8 (Print)
ISBN 978-0-7311-7125-5 (pdf/online)

Достапно на www.statedisabilityplan.vic.gov.au

Фотографии: Gary Radler

Печатено во Impact Digital, Brunswick (1610033)